ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА,
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“,
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ

# ЗБОРНИК

## ОД ВТОРИТЕ КИРИЛО-МЕТОДИЕВИ НАУЧНИ СРЕДБИ

22.5.2025 година

Уреднички:
Анета Јовковска и Маја Ангеловска-Панова

Скопје, 2026

**Александар Крстановски**
Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски"
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

УДК 27-36:929Кирил, Св.

# СЕОПФАТНАТА БОГОСЛОВСКА НАОБРАЗБА НА СВЕТИ КИРИЛ ФИЛОСОФ СПОРЕД ПАНОНСКИТЕ ЛЕГЕНДИ

Свети Константин (Кирил) Философ е една од најмаркантните личности во христијанското средновековие. Најобемен извор за неговиот живот и за неговото дело се таканаречените *Панонски легенди*, кои се сочинети од житието на Свети Кирил и житието на неговиот брат Свети Методиј. Покрај многуте податоци кои ги нуди овој извор се и податоците според кои можат да се профилизираат Светите браќа. Особено е нагласен ликот на Свети Кирил, кој е претставен како врвен теолог, лингвист и енциклопедиски образован ерудит. Бројни цитати од *Панонските легенди*, особено Кириловите лични говори претставени во нив,го потврдуваат горенаведеново.

## Вовед

Пресвртница во културниот, па и историскиот развиток на сите словенски народи е ангажирањето на византиските мисионери, солунските браќа Свети Константин (Кирил) и Свети Методиј во изнаоѓањето на словенската азбука, во создавањето на првиот словенски писмен јазик и во преведувањето на богослужбените книги на словенски јазик, секако, за нивна примена во богослужението. Кон ова дело се додава и издигнувањето ученици и следбеници на словенската просвета и богослужба.[1]

Изворите за Свети Кирил и Свети Методиј се делат на историски и литературни. Во историски извори спаѓаат неколку папски писма и едно писмо на папскиот секретар Анастасиј до епископот Гаудерик Велетриски по повод создавањето зборник за римскиот светител – папата

[1] Харалампие Поленаковиќ, *Во мугрите на словенската писменост.* Скопје: Македонска книга, 1988, 11.

Климент. Од литературни творби, науката располага со житија, пофални слова, служби и помени. Овие извори се помногубројни и пообемни.[2]

*Панонските легенди* се сметаат за најважни и попрецизни извори за проучување на дејноста на солунските браќа, а всушност тоа се двете Пространи (опширни) житија за Свети Константин (Кирил) и Свети Методиј. Општ е впечатокот дека нивните содржини поседуваат висок степен на веродостојност во науката и се прифаќаат како најблиски до историската вистина.[3]

При цитирање на текстови од *Панонските легенди* ќе биде користен преводот на Радмила Угринова-Скаловска, а врз основа на црковнословенските изданија:

1. Константин и Методије, Солуњани. Извори. Приредил Фран Гривец и Фран Томшич, Радови старословенског института, књ. 4, Загреб, 1960 и

2. А. Тодоров-Балан, Кирил и Методи, кн. 1, Софија, 1920.

Во овој текст фокусот е ставен, пред сè, на непосредната анализа на содржината на преводот – изворниот текст, кој претставува основен и доволен предмет за иследување/истражување. Поради тоа, секундарната литература е вклучена селективно и во онаа мера во која придонесува во конкретната проблематика, додека тежиштето на аргументацијата останува врз директната работа со примарниот материјал.

Тезата за сеопфатната богословска наобразба на Свети Кирил Философ, всушност, ја поставуваат самите *Панонски легенди*, за образованието во текот на детството на овој свет отец, сведочат: „Кога го дадоа да се школува, напредуваше во учењето подобро од сите ученици, така што сите му се чудеа на сфаќањето и на големиот успех во вештините."

На друго место: „Кога дојде во Цариград, го дадоа на учител да го учат. Откако ја изучи сета граматика за три месеца, се зафати и со други науки. Кај Лава го изучуваше Хомера, а кај Фотија дијалектиката и сите филозофски науки, освен тоа и реторика и аритметика, астрономија и музика, како и сите други елински вештини. Така овладеа со сите нив, како да учел само една. Брзината се здружи со прилежноста, едната ѝ претходеше на другата, и така се постигнува знаење и умеење. Повеќе од ученоста, во неговиот изглед се покажуваше благост; се дружеше со

---

[2] Добрила Миловска, *Книжевни дејци и дела*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2000, 13.

[3] Илија Велев, *Историја на македонската книжевност, средновековна книжевност, том 1.* Скопје: Гирланда, 2014, 63.

оние со кои беше пополезно, ги одбегнуваше тие што одат по лош пат и размислуваше како да го размени земното со небеско, да се ослободи од ова тело и да живее со Бога."

## Свети Кирил Философ како библист

Познавајќи го добро Светото Писмо на Стариот Завет, при дискусијата со Евреите на Хазарската мисија, а во однос на тоа кој закон е постар и која е разликата помеѓу *закон* и *завет*, и со цел да се даде одговор на прашањето за потребата од обрезание или не, Свети Кирил ќе рече: „Да не го примил Аврам обрезанието, туку да го држел Ноевиот завет, тој не би се нарекол пријател божји, ниту пак Мојсиј, кој подоцна пак напишал закон, а првиот не го држел. Така и ние го следиме нивниот пример и примајќи од Бога закон, сметаме дека божјата заповед останува цврста. Па давајќи му закон на Ноја, Господ не му рекол дека ќе му даде и друг, што пребива вечно во живата душа. Ниту пак на Аврама, давајќи му ветување, не му навестил дека друг ќе му даде на Мојсија. Според тоа, вие го чувате законот, а Бог вика по Езекиља: Ќе го разменам и ќе ви дадам друг закон. И Еремија зборува отворено: Еве, идат дните, вели Господ, и ќе му одредам на домот Јудин и на домот Израилев нов завет, но според заветот што им го оставија на вашите татковци оној ден кога ги зедов за рака за да ги изведам од земјата египетска, оти и тие не му останаа верни на мојот закон па ми омрзнаа. Еве го заветот мој што му го оставам на домот Израилев: По овие дни – рече Господ – ги ставам законите мои во нивните помисли и на срцата нивни ќе ги напишам и ќе им бидам Бог и тие ќе бидат мој народ. И пак истиот Еремија вели: Така зборува Господ Седржител: застанете на патиштата и гледајте и прашувајте за вечните врвици Господови, и ќе видите кој е патот на вистината, и зачекорете по него па ќе најдете очистување за вашите души. Тие рекоа: Не идеме. Поставив стражари помеѓу вас, послушајте го гласот на трубата. А тие рекоа: Не сакаме да слушаме. – Затоа ќе чујат народите и пастирите на нивните стада. И потоа: Слушај, земјо: еве јас испраќам зло на овој народ, плод на нивното отпадништво, оти не ги послушаа и не ги примија зборовите на моите пророци и мојот закон, што го проповедаа пророците, го отфрлија. И не само со ова едново ќе докажам дека законот поминува, туку тоа е јасно и од многу други доводи што ги наведуваат пророците".

## Свети Кирил Философ како догматичар

Кога Сарацените го оспорувале христијанското учење за Света Троица, Свети Кирил им одговорил: „Ние добро сме научиле и од отците и од пророците и од учителите да ги славиме Тројцата, имено: Таткото и Словото и Духот, три лица во едно суштество. Имено, Словото се овоплотило во девицата и се родило заради нашето спасение, како што сведочи и вашиот пророк Мухамед, којшто го напишал и ова: Ние го испративме нашиот дух кај девицата за да роди“. Овде Свети Кирил покажува познавање и од други вери, конкретно од исламот.

При Хазарската мисија, пред еврејските претставници, Свети Кирил ја брани догмата за Пресвета Богородица и за Христовото воплотување со зборовите: „Па зарем не се глупави тие што велат дека Бог да се собере во човекот, а него го собрало и во капина, и во облак, и во луња и во чад, тогаш кога му се јавил на Мојсија и на Јов. Како би можел, додека е еден болен, друг да лекува? Штом е човечкиот род изгнијан, од кој друг би можел да се поднови, ако не од самиот Творец; одговорете ми? Ако сака лекарот да му стави мелем на болниот, дали ќе го стави на дрво или на камен и дали ќе покаже дека човекот се исцелил од тоа? И зошто Мојсиј, вдахновен од Светиот Дух, во својата молитва рекол со раскрилени раце: Во татнежот на силите и гласовите на трубите не јавувај ни се веќе, Господе милостив, туку всели се во нашите утроби и одземи ни ги гревовите наши. Оти така вели Акила.“[4]

Бранејќи го почитувањето на иконите Свети Кирил Философ вели: „Најнапред научете се да ги разликувате имињата, што е тоа икона, а што е тоа идол? И ако сте го разбрале тоа, не напаѓајте ги христијаните, оти тој израз има десет значења во вашиот јазик. Ве прашувам сега јас: дали била слика онаа скинија што ја гледал Мојсиј на горaта и ја донел долу, и дали тој направил слика на сликата, уметнички, како што прилега, слика со украси – клинци и кожи и ќилими и извонредни херувими? Бидејќи тој направил така, дали за тоа ќе ви кажеме дека честите и се клањате на дрво, на кожа и на шаек, а не на Бога, кој во тоа време покажал таква слика? Исто е и со храмот на Соломона во кој биле прикажани херувими и ангели и многу други слики. Така, значи, и ние, христијаните, создавајќи икони на божјите угодници, им правиме чест одделувајќи го она што е добро од сликите на демоните“.

[4] Преведувачката дава забелешка дека Акила е Евреин кој во 2. век го превел Стариот Завет на грчки.

## Свети Кирил Философ како христијански етичар

Запрашан од Сарацените, зошто и покрај тоа што Христос заповеда да се љубат непријателите, сепак христијаните одат во војна, Константин (Кирил) одговорил: „Кога има во законот две заповеди, кој го исполнува законот: тој што ја исполнува едната или тој што ги исполнува обете заповеди? Бог рекол: Молете се за оние што ве навредуваат. Тој уште рекол: од оваа љубов никој не може да изрази поголема во животот, одошто да ја положи својата душа за непријателот. Заради своите ближни ние го правиме тоа, за да не биде заробена и нивната душа заедно со телесното ропство.“

## Свети Кирил Философ како патролог

Познавајќи го темелно учењето на светите отци, а особено на Свети Григориј Богослов, воодушевен од неговата теологија Свети Кирил му составил похвала. Во неговото житие се вели: „Па се зафати со наука, седејќи дома и учејќи ги напамет книгите на Свети Григориј Богослов. На ѕидот имаше направено крстен знак и ја напиша оваа похвала на Свети Григорија:

> ‚О Григориј, човек во телото, ангел во душата! Бидејќи си во телото човек, се јавуваш како ангел. А твојата уста, како еден од серафимите, го прославува Бога и ја просветува сета вселена со толкувањето на вистинската вера. Затоа и мене, што клечам пред тебе со љубов и со вера, прими ме и биди ми просветител и учител‘ “.

## Свети Кирил како теолингвист и преведувач

При описот на Кириловото патување на Хазарската мисија, *Панонските легенди* сведочат за еден настан: „Тогаш тргна на пат и кога дојде во Херсон таму го изучи еврејскиот јазик и книги, ги преведе осумте делови на граматиката и со тоа уште повеќе ги продлабочи своите знаења. Меѓутоа, таму живееше и некој Самаритјанин кој идеше кај него и спореше со него, па еднаш донесе самаритјански книги и му ги покажа. Философот ги измоли од него, се затвори в куќи и фати да се моли; а бидејќи Бог му даде разум, почна да ги чита книгите без грешка.“

Веднаш по овој настан, житието продолжува: „Таму најде евангелие и псалтир, пишувани со руско[5] писмо, а најде и човек што зборуваше на тој јазик; разговарајќи со него и откако овладеа со силата на зборот, преведувајќи на свој јазик, ја изнајде разликата помеѓу самогласните и согласните букви. И молејќи му се на Бога, набргу започна да чита и да зборува, па мнозна му се восхитуваа и го фалеа“.

За дарот на Свети Кирил да познава многу јазици, *Панонските легенди* опишуваат  и ваков настан: „Филозофот дојде во Цариград, и откако се состави со царот, живееше повлечено, далеку од врева, молејќи му се на Бога и престојувајќи во црквата на Светите апостоли.  Во Света Софија има една чаша од скапоцени камења, дело на Соломона, на која со еврејски и самаритјански букви се напишани стихови кои никој не можел ни да ги прочита, ни да ги објасни. Кога ја зеде Филозофот ја прочита и ја објасни. Еве ваков е првиот стих: Чашо моја, чашо моја, пророкувај додека има ѕвезди. Биди му за пиење на Господа, првенецот што бдее ноќе. Потоа иде другиот стих: За да вкуси Господ направена е од друго дрво. Пиј и опивај се со веселба, и извикувај: алилуја! И потоа третиот стих: Еве го кнезот, и целиот собор ќе ја догледа неговата слава, и цар Давид е помеѓу нив. Потоа е напишан бројот деветстотини и девет. Кога Филозофот токмо ги пресмета, најде дека од дванаесеттата година на Соломоновото царство до царството Христово има деветстотини и девет години. И тоа е пророштво на Христа.“

Особено е збележлив Кириловиот говор во Венеција, каде што бранејќи го правото на Словените да богослужат и да се поучуваат на свој јазик, го брани тоа право на секој Божји народ. Свети Кирил вели: „ Не врне ли дожд од Бога еднакво врз сите? А сонцето не грее ли исто така за сите? Зарем не дишиме воздух сите еднакво? Па тогаш, како не се срамите да признаете само три јазика, а за сите други народи сакате да бидат слепи и глуви? Кажете ми дали Бога го сметате толку бессилен што да не може да го даде тоа, или толку завидлив што да нејќе? А ние познаваме повеќе народи што се вешти на книга и го слават Бога секој на својот јазик. А тие се токму овие: Ерменците, Персијанците, Авазгите, Иверците, Сугдите, Готите, Обрите, Турсите, Хазарите, Арабјаните, Египтјаните и Сирците и многу други. Ако не сакате да разберете врз основа на тоа, тогаш барем од светите книги запознавајте го судијата.

[5] Под „руско писмо“, преведувачката на *Панонските легенди* на македонски јазик, Радмила Угринова - Скаловска забележува дека повеќе научници подразбираат готско писмо.

Зашто Давид извикува: Пејте му на Господа, сета земјо, пејте му на Господа нова песна! И пак: Извикнете му на Господа, сета земјо, пејте и веселете се и запејте! – и на друго место: Сета земја нека ти се поклони и нека ти пее тебе и нека пее на твоето име, Севишен! И понатаму: Фалете го Бога сите народи и прославете го сите луѓе. И сè што дише нека го фали Господа. И во евангелието е кажано: А колкумина примил и им дал власт да бидат синови божји. И пак во истото: Не молиме само за нив, туку и за тие што ќе поверуваат во мене заради нивните зборови, сите да бидат едно, како ти, татко, што си во мене и јас во тебе. А пак Матеј вели: Дадена ми е секаква власт на небо и на земи. Одете и научете ги сите народи крстејќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух, учејќи ги да чуваат сè што сум ви наредил; и еве јас сум со вас во сите дни до свршувањето на векот. Амин! И Марко пак: Тргнете по сиот свет и проповедајте евангелие на секое суштество. И кој ќе верува и ќе се крсти, ќе биде спасен, а кој нема да верува ќе биде осуден. А знаците на тие што веруваат ќе бидат овие: со моето име ќе истеруваат ѓаволи, ќе зборуваат на нови јазици. Ви велам и вам, на учителите на законот: Тешко вам, книжевници и фарисеи, лицемери, што им го затворате на луѓето царството небесно, оти вие не влегувате и не пуштате да влезат тие што сакаат. И пак: тешко вам, книжевници, што сте го зеле клучот на сознанието: и сами не влегувате, и не ги пуштате да влезат тие што сакаат. А на Коринтјаните Павле им рече: Би сакал сите да ги говорите јазиците, а уште повеќе да пророкувате: оти е поголем тој што пророкува одошто тој што ги говори јазиците, освен ако не толкува, за да види и црквата од тоа полза. А сега, браќа, ако дојдам кај вас зборувајќи на јазиците, каква полза ќе сторам ако не ви зборувам заради јасност и разбирање, или пророштво или поука? Дури и бездушните нешта што даваат глас, било свирка, било гусле, ако не покаже разлика во звукот, како ќе се разбере што се свири? Зашто ако даде трубата неразбирлив глас, кој ќе се готви за борба? Така и вие, ако го кажете неразбирливиот збор на друг јазик, како ќе се разбере што кажувате? Зашто ќе кажувате во воздух. Колку различни зборови има на светов и ниеден од нив не е без значење. Ако не ја знам смислата на говорот, за тој што ми говори ќе бидам сличен на варварин, и тој што говори варварин е за мене. Така и вие, бидејќи се грижите за духовните дарови во полза на црквата, молете се да ги имате во изобилство. Затоа, тој што зборува со јазик, нека се моли за да толкува. Ако се молам на туѓ јазик, духот мој се моли, а умот мој не дава плод. Тогаш што е? Ќе се молам со духот, а ќе се молам и со

умот; пеам со духот, пеам и со умот. Ако благословуваш со духот, како тој што стои на место на неразумниот ќе рече амин на твојата молитва кога не разбира што зборуваш? Имено, ти добро славиш, но друг не се изградува. Му благодарам на мојот Бог, подобро од сите вас ги познавам јазиците. Но во црква сакам пет збора да кажам од својот ум, за и други да поучам, одошто илјада зборови на разни јазици. Браќа, не бидете деца на умот, но со злото бидете деца, а со разумот бидете совршени. Во законот, како што знаете, пишува: со други јазици и со други усни ќе му говорам на овој народ, и ни така нема да ме послуша, – кажува Господ. Затоа јазиците не се за верните, туку за неверните, а пророштвото не е за неверните, туку за верните. Па ако се собере сета црква наедно и сите ако зборуваат на јазиците, а ако дојде некој што не разбира, нема ли да каже дека сте побесмеле? А ако пророкуваат сите и ако дојде некој што не е упатен или што не верува, сите ќе го разобличат и сите ќе го испитуваат, и тајните на неговото срце ќе излезат на видело, и така паѓајќи ничкум, ќе му се поклони на Бога и ќе се исповеда: навистина е Бог помеѓу вас. Тогаш, што има, браќа? Кога се состанувате, секој од вас има псалм, има поука, има откровение, има јазик, има кажување, а сè нека биде за изградување. А ако некој зборува на јазиците, нека зборуваат двајца или тројца и тоа со ред, а еден да толкува. А ако нема толкувач, нека молчи в црква, а да си зборува во себеси и на Бога. А пак пророците, двајца или тројца да говорат, а другите да објаснуваат. А ако се покаже откровение на некој од присутните, прв нека замолчи. Зашто можете да пророкувате сите, еден по еден, сите да се поучат и сите да добијат утеха. Пророчките духови им се потчинуваат на пророците, оти Бог не е Бог на безредието, туку на мирот.“

**Заклучок**

*Панонските легенди*, т. е. житието на Свети Кирил и житието на Свети Методиј се најобемниот извор за животот и за делото на Светите браќа. Овие творби нудат голем број од историски податоци за нив, но и за профилот на нивните личности. Тука особено се издигнува фигурата на Свети Константин (Кирил) Филозоф.

Свети Кирил се покажува како сестран теолог и лингвист со енциклопедиски знаења. Тој како вешт библист прецизно го цитира и, во духот на православното предание, го толкува Светото Писмо. Познавајќи ја православната догматика, Свети Кирил Филозоф успешно го објаснува и го брани учењето за Света Троица и за воплотувањето на Синот Божји.